Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија” бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11), како и врз основа на член 25 став 2 и став 5 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18) министерот за образование и наука ја утврди Наставната програма по музичко образование за VII (седмо) одделение на деветгодишното основно образование.

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**
**БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО**

**Наставна програма**

# МУЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ

## VII (седмо) одделение

**деветгодишно основно образование**

**Скопје, 2019 година**

| | |
|---|---|
| **Назив на наставната програма** | Музичко образование |
| **Тип на наставна програма** | Задолжителна |
| **Година на изучување** | VII (седмо одделение) |
| **Број на часови неделно/годишно за реализација на наставната програма** | 1/36 |
| **Наставни теми на наставната програма** | • **ИЗВЕДБЕНИ АКТИВНОСТИ** (пеење, свирење на детски музички инструменти и музичко изразување и творење)<br>• **СЛУШАЊЕ МУЗИКА**<br>• **МУЗИЧКА ПИСМЕНОСТ**<br>• **НАРОДНО МУЗИЧКО ТВОРЕШТВО - Народни инструменти**<br><br>НАПОМЕНА: Наставниците секогаш можат да направат свој избор на песни и композиции за пеење и слушање музика користејќи ја предлог - листата дадена во наставната програма. |

## ВОВЕД

Музиката како интегрален и исклучително важен дел на човековата култура и живот зазема значајно место во воспитанието и образованието. Музичкото образование е задолжителен предмет за учениците од I до IX одделение и застапен е со 2 часа од I до V одделение и 1 час од VI до IX одделение.

Целта на наставата по музичко образование е учениците да развиваат љубов кон музиката, да се запознаат со суштинските карактеристики на музиката преку личното искуство за да можат да ги разберат и доживеат музичките дела и да учествуваат во музичкиот живот во училиштето и надвор од него.

За да се оствари целта на наставата учениците ќе учествуваат во различни активности: пеење, свирење, запознавање со народното творештво, слушање музика од домашни и странски автори, како и музика од сите народи кои живеат во нашата држава. Преку запознавањето на домашната и светската музичка култура, како и народното музичко творештво на својот народ и другите народи кои живеат во нашата држава, и преку практичното музицирање учениците ќе ги збогатат своите искуства и знаења и ќе ги развијат своите музички способности. Поттикнувањето на креативноста на учениците е многу важен сегмент во наставата и затоа треба да им се овозможува да учествуваат во музичките активности во одделението и училиштето, а надарените ученици да учествуваат во училишните музички ансамбли (хор, оркестар и др.).

Наставниот предмет музичко образование има надворешна интеграција со други наставни предмети: ликовно образование, мајчин јазик, математика и др. Значајно место треба да има и примената на ИКТ во наставата по музичко образование која овозможува на интересен и апликативен начин учениците да стекнат нови сознанија и вештини.

Во вториот развоен период музичкото образование продолжува да го остварува своето комплексно делување врз развојот на детската личност, поттикнувајќи ги емоциите и интелектуалната активност, стекнување естетски чувства и позитивни морални особини, креативност и самостојност, самодоверба и свесност за својата вредност, ослободувајќи ги учениците од стрес и напнатост.

## ЦЕЛИ НА ПРЕДМЕТОТ ЗА РАЗВОЈНИОТ ПЕРИОД ОД VI ДО IX ОДДЕЛЕНИЕ

Ученикот/ученичката:

- да ги развие музичките способности;
- да стекне вештини за пеење, свирење на детски музички инструменти, музичко изразување и творење;
- да се оспособи активно да слуша музика и естетски да ја доживува;
- да стекне сознанија и позитивен став за одредени музички дела од светските и домашните автори;
- да стекне сознанија и позитивен став за народното музичко творештво на македонскиот народ и на народите кои живеат во нашата држава;
- да стекне знаења за основите на музичката писменост;
- да дискутира за музиката и да ги аргументира своите ставови;
- да користи ИКТ за различни музички активности, истражување и презентации.

## ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ВО VII ОДДЕЛЕНИЕ

Ученикот/ученичката:

- да применува правилна вокална интерпретација;
- да го развива опсегот на гласот а мало – d2;
- да пее песни со разновидна мелодиска линија, различни по карактер и содржина на македонски јазик и јазиците на народите кои живет во нашата држава;
- да одредува темпо и динамика во музичките дела со стручни изрази;
- да воочува мотив, фраза, музичка реченица, период, дводелна и триделна форма во вокални, инструментални и вокално-инструментални музички дела;
- да разликува машки, женски и мешан хор според поделбата на гласовите;
- да ја усвојува молската скала a-moll / хармонски и мелодиски вид (теоретски и по слух);
- да се воведува во препознавање на интервалите: квинта, секста и септима;
- да пее и свири ритмички и мелодиски вежби со четвртина нота со точка во рамноделни и нерамноделен 5/8 такт;
- да го применува нотното писмо во музичко-изведбените активности;
- да ги запознава народните музички инструменти на македонскиот народ и на другите народи кои живеат во нашата држава;
- да се поттикнува на сопствено музичко изразување;
- да користи ИКТ за креативни активности, презентации, запознавање со музичката писменост и др.

| | ТЕМА 1. ИЗВЕДБЕНИ АКТИВНОСТИ (10 часа)<br>(пеење, свирење на детски музички инструменти и музичко изразување и творење) | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Ред. број** | **Резултати од учење** | **Содржини и поими** | **Активности и методи** | **Стандарди за оценување** |
| **1.** | **Ученикот/ученичката:**<br><br>-објаснува и дискутира за содржината и карактерот на песната;<br><br>-пее песни по слух и ноти различни по карактер и содржина;<br><br>-применува правилна вокална интерпретација. | **Обработка на детски, уметнички, народни песни со опсег а мало - d2 по слух и со примена на нотен запис** | **Активности**<br><br>**Пеење песни по слух:**<br>-демонстрирање на песната од страна на наставникот;<br>-изговарање на литературниот текст и дискусија за содржината, непознати зборови, карактер и др.;<br>-распејување со неутрален слог;<br>-пеење по фрази, реченици и строфи (наставник-ученици);<br>-пеење цела песна индивидуално, во групи и сл. со уметнички израз.<br><br>**Пеење со примена на нотен запис:**<br>-читање и дискусија за литературниот текст (содржина, непознати зборови, карактер);<br>-појаснување на нотниот запис;<br>-изведување парлато (ритмичко читање на нотен текст);<br>-пеење на неутрален слог;<br>-пеење со солмизација заедно со наставникот;<br>-пеење со комбинирање на солмизацијата и неутралниот слог;<br>-пеење со текст со уметнички израз. | **Ученикот/ученичката:**<br><br>**По слух:**<br>1.1. пее песна на неутрален слог<br><br>1.2. пее цела песна во група со литературен текст<br><br>1.3. пее цела песна во група, со уметнички израз<br><br>**По нотен запис:**<br>1.1.1. објаснува нотен запис (знаци за тактот, траењата на тоновите, имињата на тоновите и др.)<br>1.1.2. изведува парлато ритмичко читање на нотен текст;<br>1.1.3. пее по нотен запис со солмизација, неутрален слог и текст во одреден ритам и интонација |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | **Примери за сите јазици:**<br>**-„Во природата“ (варијанта на насловот – „Во пролет“) –** Ј. С. Бах<br>**-„Овчарска песна“** (француска народна песна) – канон<br>**-празникот 11 Октомври (мак. јаз.)**<br><br>**<u>Македонски песни</u>**<br>- „**Другарство“ –В. Маџарова**<br>(по слух)<br>-**„Прекрасна игра“** В.А.Моцарт<br>(по ноти)<br><br>**<u>Албански песни</u>**<br>-„**Babagjyshi“/**„Дедо“Адем Имери (по слух)<br>**-„Një lule“/**„Едно цвеќе“ С. Zadeja<br>(по ноти)<br><br>**<u>Турски песни</u>**<br>- **„Vardar ovası“/**„Вардарско поле“<br>(по слух)<br>**-„Keklik“/**„Еребица“(по ноти)<br><br>**<u>Ромски песни</u>**<br>**-,,Borije‘‘/„Невесто‘‘** Imer Traja Brizani (по слух)<br>**-,,Ava Mancar khel čhaje‘‘**/,,Дојди играј со мене девојко‘‘ Imer Traja Brizani (по ноти)<br><br>**<u>Српски песни</u>**<br>**„Све је пошло наопачке“/**„Се тргна наопаку“ - текст Д. Радовиќ (по слух) | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | **Поими:**<br>-парлато | **„Пролеќно јутро у шуми“/**„Пролетно утро во шумата“ - М. Соколовиќ Игњачевиќ (по ноти)<br><br>**Влашки песни**<br>**„Firmanea di - n Pole“ –** „Повик за бој“(по слух)<br>**„Tsāneam ti cumnicare“ –** „Постев за да се причестам“ (по ноти)<br><br>**Босанска песна**<br>**-„Моја домовина“/**„Моја татковина“ muzika Hana i Dinko Cizmic (по слух)<br><br>**Напомена:** Пред да се обработува песната (по слух или со примена на нотен запис) учениците треба да се распеат.<br>Во сите етапи на обработката на песната може да се пее колективно, индивидуално, во групи, со и без инструментална придружба.<br>За изведбените активности ученикот/ученичката се оценува според покажаната активност, а не според нивото на развиеноста на слухот, пејачкиот глас и моторичките способности. | |
| 2. | **Ученикот/ученичката:**<br><br>-свири/пее вежби со различни музички целини; | **Изведба на вежби со различни музички целини (мотиви, фрази, реченици, период, 2-делна и 3-делна форма) со примена на нотни вредности** | **Активности**<br><br>-Свирење мотиви, фрази, реченици, период, 2-делна и 3-делна форма на детски музички инструменти по слух | **Ученикот/ученичката**:<br><br>2.1. свири/пее мотиви и фрази во одреден ритам и интонација по слух |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | - свири/пее вежби со различни музички целини со придружба на детски ритмички инструменти;<br><br>- свири/пее ритмички и мелодиски вежби со нотни вредности и паузи: цела, половина, половина со точка, четвртина, осмина, четвртина со точка-осмина и знаците на продолжување на нотната вредност во 2/4, 3/4, 4/4 такт и нерамноделен 5/8 такт | **до четвртина со точка – осмина во рамноделните и нерамноделниот 5/8 такт** | и ноти.<br><br>-Пеење мотиви, фрази, реченици, период, 2-делна и 3-делна форма (на неутрален слог, со текст, со ноти) по слух.<br>**-** Свирење и пеење на ритмички и мелодиски вежби со нотни вредности и паузи: цела, половина, половина со точка, четвртина, осмина, четвртина со точка-осмина и знаците на продолжување на нотната вредност во 2/4, 3/4, 4/4 такт и нерамноделен 5/8 такт.<br><br>-Музички игри (прашање – одговор, ехо, дополнување и сл.).<br><br>**Напомена:**<br>Во оваа содржина акцентот се става на свирењето. | 2.2. свири/пее вежби во одреден ритам и интонација по слух<br><br>2.3. свири/пее мотиви и фрази со примена на детски музички инструменти во одреден ритам и со одредени тонови од а мало до d2 (за свирење: c1 – d2)<br><br>2.4. свири/пее вежби со примена на детски музички инструменти со нотни вредности и паузи: цела, половина, половина со точка, четвртина, осмина, четвртина со точка – осмина и знаците на продолжување на нотната вредност во 2/4, 3/4, 4/4 такт и нерамноделен 5/8 такт |
| 3. | **Ученикот/ученичката:**<br><br>-користи знаење од музичката писменост за музичко изразување;<br><br>- употребува ритмички и мелодиски детски инструменти за свирење на изучените интервали: квинта, секста и септима во музички примери;<br><br>- пее песни со придружба на | **Музичко изразување на учениците преку изучените елементи од музичка писменост** | **Активности**<br><br>-Придружба на изучените песни со ритмички и мелодиски детски инструменти.<br>-Творење на кратки едноставни мелодии.<br>-Пеење и свирење кратки едноставни мелодии со примена на интервалите: квинта, секста и септима со ритмички и мелодиски детски инструменти. | **Ученикот/ученичката:**<br><br>4.1. свири песни на ритмички и мелодиски детски инструменти<br><br>4.2. запишува едноставни мелодии според зададените упатства со примена на знаења од музичката писменост<br><br>4.3. пее/ свири кратки едноставни |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | ритмички и мелодиски детски инструменти;<br><br>-решава музички ребуси, крстозбори и сл. | | -Музички игри, драматизации, решавање и измислување музички ребуси, крстозбори и сл.<br>**Напомена**<br>Во создавањето на сопствените музички целини и решавањето музички ребуси, крстозбори и сл. може да се користи ИКТ.<br>Наставните теми: Слушање музика, Музичка писменост и Народно творештво се интегрираат во Изведбени активности каде наставникот има можност да го приспособува/варира вкупниот број на часовите според афинитетите, способностите, интересот и потребите на учениците.<br><br>**Методи:**<br>• демонстративен;<br>• практична работа;<br>• дијалошки или метод на разговор;<br>• творечка работа. | мелодии со примена на интервалите: квинта, секста и септима со ритмички и мелодиски детски инструменти<br><br>4.4. користи елементи од музичката писменост за решавање и измислување музички ребуси, крстозбори и сл. |

| | ТЕМА 2. СЛУШАЊЕ МУЗИКА (10 часа) | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Ред. број** | **Резултати од учењето** | **Содржини и поими** | **Активности и методи** | **Стандарди на оценување** |
| **1.** | **Ученикот/ученичката:**<br><br>-препознава по слух основни видови темпа;<br><br>-споредува различни видови темпа;<br><br>-користи стручни изрази за одредување различни видови темпа и промени во темпото;<br><br>-воочува промени во темпото (забрзување/успорување, користење различни темпа во иста композиција). | **Темпо и видови на темпото со стручни изрази во слушаните примери**<br>**„Бумбаров лет“** – Н. Р. Корсаков (брзо темпо)<br>https://www.youtube.com/watch?v=oUwDx9VH8UI<br>**„Турски марш“** – В. А. Моцарт (умерено темпо)<br>https://www.youtube.com/watch?v=p1gGxpitLO8<br>**„Адаџо“** - Т. Албињони (бавно темпо) - фрагмент<br>https://www.youtube.com/watch?v=XMbvcp480Y4<br>**„Чардаш“** – В. Монти<br>(бавно - брзо)<br>Изведба со виолина и оркестар:<br>**https://www.youtube.com/watch?v=WTc-KoBAKts**<br>Изведба со блок флејта и пијано:<br>**https://www.youtube.com/watch?v=CwSWIZ6V6pY**<br><br>**Поими:**<br>- темпо<br>- метроном<br>- Adagio | **Активности**<br><br>Објаснување на поимот темпо, видови темпо и промени во темпото со стручни изрази.<br><br>Мерење на темпото со метроном.<br><br>Слушање композиции и одредување на видот на темпото и промени во темпото.<br><br>Именување различни видови темпа и премени во темпото со стручни изрази. | Ученикот/ученичката:<br><br>1.1. набројува видови темпа со стручни изрази<br><br>1.2. објаснува за користење на метрономот за одредување на темпото<br><br>1.3. употребува стручни изрази при одредување на темпото во слушаните композиции<br><br>1.4. разликува видови темпа со користење стручни изрази во слушаното дело |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | - Moderato<br>- Allegro | | |
| **2.** | **Ученикот/ученичката:**<br><br>- препознава по слух основни видови динамика;<br><br>- споредува различни видови динамика;<br><br>- користи стручни изрази за одредување различни видови динамика и динамички промени во слушаното дело;<br><br>- воочува динамички промени на постепено зголемувуње на јачината на звукот и постепено намалување на јачината на звукот. | **Динамика**<br>**(динамичко нијансирање)**<br><br>**„Болеро“** - М. Равел (изведба по избор)<br><br>**„Концерт за гудачки оркестар“ (прв став „Паладио“)** – К. Јенкинс<br>https://www.youtube.com/watch?v=32Ag0dBGbvc<br><br>**„Вечерен ѕвон“ (за пијано)**<br>Г. Коларовски<br><br>**Поими:**<br>- пијано<br>- форте<br>- пијанисимо<br>- фортисимо<br>- мецофорте<br>- мецопијано<br>- крешендо<br>- декрешендо | **Активности**<br><br>Објаснување на поимот динамика.<br><br>Знаци за забележување на динамиката и динамичкото нијансирање со стручни изрази.<br><br>Слушање композиции и одредување на динамикото и динамичко нијансирање.<br><br>Употреба на картички со симболи на динамички знаци и нивна употреба во текот на слушањето на музичка композиција.<br>Именување со стручни изрази различни видови на динамички промени во текот на музичкото дело. | **Ученикот/ученичката:**<br><br>2.1.набројува видови на динамички знаци со стручни изрази<br><br>2.2.идентификува динамички промени при слушање музички дела<br><br>2.3.употребува стручни изрази при одредување на динамиката во слушаните композиции<br><br>2.4. разликува видови динамика и динамички нијансирања во слушаното дело користејќи ги симболите напишани на картички со стручни изрази |
| **3.** | **Ученикот/ученичката:**<br><br>- препознава музички целини: мотив, фраза, музичка реченица и период;<br><br>- поврзува музички целини според градба; | **Музички целини: мотив, фраза, музичка реченица и период**<br><br>**„Приспивна песна“** Ј. Брамс (без рефрен)<br>https://www.youtube.com/watch?v=xXB49Yn1RyI | **Активности**<br><br>Објаснување за музички целини: мотив, фраза, музичка реченица и период.<br><br>Слушање музички примери: мотив, фраза, музичка реченица и период. | **Ученикот/ученичката:**<br><br>3.1. набројува музички целини: мотив, фраза, музичка реченица и период<br><br>3.2. објаснува за музички целини: мотив, фраза, музичка реченица и |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | - дели поголеми музички целини на сегменти. | **„Наполитанска песна“** (1-от период) – „Детски албум“, П. И. Чајковски https://youtu.be/m63U7tY1fNY (хорска изведба) https://www.youtube.com/watch?v=Y_Rill2Q_E0 (од 0:03, анимација)<br>**Поими:**<br>- мотив<br>- фраза<br>- музичка реченица<br>- период | Поделба на поголема музичка целина на делови (период, музички реченици, фрази и мотиви). | период<br>3.3. споредува музички елементи според нивната градба<br><br>3.4. разграничува музички целини по слух |
| **4.** | **Ученикот/ученичката:**<br><br>-објаснува за градбата на дводелната форма од помали музички целини;<br><br>-дели дводелна форма на помали музички целини. | **Дводелна форма**<br><br>**„Приспивна песна“** – Ј. Брамс (строфа - рефрен) https://www.youtube.com/watch?v=xXB49Yn1RyI<br><br>**Поими:**<br>-дводелна форма | **Активности**<br>Објаснување за градбата на дводелна форма и шематски приказ.<br><br>Слушање музички примери и одредување дел **а** и дел **б** по слух со користење на картички за прикажување.<br><br>Разговор за сличностите и разликите помеѓу деловите **а** и **б** преку графички организатори. | **Ученикот/ученичката:**<br><br>4.1. набројува музички елементи во дел **а** и дел **б**<br><br>4.2. идентификува дел **а** и дел **б** во музичка композиција<br><br>4.3. споредува дел **а** со дел **б** според разлики и сличности<br><br>4.4. разграничува дел **а** од дел **б** според музички целини по слух |
| **5.** | **Ученикот/ученичката:**<br><br>-објаснува за градбата на триделната форма од помали музички целини;<br><br>-дели триделна форма на | **Триделна форма**<br><br>**„Веселиот селанец“** – Р. Шуман: аба (изведба по избор)<br><br>**„Менует во G - dur“** оп.10 бр.2: | **Активности**<br><br>Објаснување за градбата на триделната форма и шематски приказ.<br>Слушање музички примери и одредување дел **а, б** и повторување | **Ученикот/ученичката:**<br><br>5.1. набројува музички елементи во триделната форма<br><br>5.2. идентификува дел **а, б** и |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | помали музички целини;<br><br>-групира музички целини во триделната форма. | аба (da Capo) – Л. В. Бетовен (изведба по избор)<br><br>**„Наполитанска песна“** (цела, шема абц - информативно) – „Детски албум“, П. И. Чајковски https://youtu.be/m63U7tY1fNY (хорска изведба) https://www.youtube.com/watch?v=Y_Rill2Q_E0 (анимација)<br><br>**Поими:**<br>-триделна форма | на делот **а** (**аба** како најчеста форма) по слух со користење картички за прикажување или други нагледни средства.<br>Разговор за сличностите и разликите помеѓу деловите а, б и повтореното а преку графички организатори. | повторување на **а** во музичка композиција<br><br>5.3. споредува дел **а, б и а** според разлики и сличности<br><br>5.4. разграничува делови **а**, **б** и **а** според музички целини по слух |
| **6.** | **Ученикот/ученичката:**<br><br>-разбира поим концерт како јавен настап и концерт како музичка композиција;<br><br>-воочува градба на концертот;<br><br>-дискутира за улогата на солистот и оркестарот во концертот;<br><br>-изразува свое мислење за карактерот на слушаните дела. | **Концерт**<br><br>**„Зима“** (фрагменти од сите ставови) – А. Вивалди (изведба по избор)<br><br>**„Концерт бр. 1“** – финале (почетниот фрагмент: „дијалог“ солист - оркестар)<br>П. И. Чајковски (изведба по избор)<br><br>**Поими:**<br>-концерт (како јавен настап)<br>-концерт (како музичка композиција)<br>-ставови | **Активности**<br><br>Разговор за значењето на поимот концерт.<br><br>Објаснување на градбата на концерт.<br><br>Слушање на концерт.<br><br>Воочување на дијалогот на соло инструментот со оркестарот. | **Ученикот/ученичката:**<br><br>6.1.препознава значење на поимот концерт како јавен настап и концерт како музичка композиција<br><br>6.2.објаснува за градбата (ставовите брзо-бавно-брзо) на концертот во слушаните дела<br><br>6.3.толкува начин на изведба на концерт (солист-оркестар) во слушаното дело<br><br>6.4.разликува ставови на слушаното дело |
| **7.** | **Ученикот/ученичката:**<br><br>- набројува женски гласови; | **Поделба на гласовите**<br>**- женски гласови**<br><br>**„Приспивна“** - Тодор Скаловски | **Активности**<br><br>Разговор со учениците за карактеристиките на човечките | **Ученикот/ученичката:**<br><br>7.1.препознава женски гласови во слушаните дела |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | - препознава женски гласови (по слух);<br><br>- разликува женски гласови според карактеристики (боја и висина). | **(сопран)**, исполнува Марија Муратовска Наумовска https://youtu.be/KHxaJUHsPYo<br><br>**Diva Song** (Фрагмент од филмот „Петтиот елемент“), исполнува Инва Мула (**сопран)**<br>https://www.youtube.com/watch?v=kXs2VAfy4ew<br><br>**Арија на Керубино „Voi che sapete”** („Свадбата на Фигаро“) – В.А. Моцарт – **(мецо сопран,** изведба по избор**)**<br><br>**„Нана“** - Мануел де Фаља, исполнува Милка Ефтимова (алт)<br><br>**Поими:**<br>-сопран<br>-мецосопран<br>-алт | гласови.<br><br>Поделба на гласовите според: висина, боја.<br><br>Објаснување поими.<br><br>Слушање дела со женски гласови и нивно воочување. | 7.2. дефинира женски гласови со стручни изрази<br><br>7.3.споредува женски гласови според карактеристиките (боја и висина)<br><br>7.4. класифицира женски гласови според нивните карактеристики по слух |
| **8.** | **Ученикот/ученичката:**<br><br>- набројува машки гласови;<br><br>- препознава машки гласови (по слух);<br><br>- разликува машки гласови и според карактеристики (боја и висина); | **Поделба на гласовите**<br>**- машки гласови**<br><br>**„O, sole mio“,** исполнува Едуардо ди Капуа - **(тенор)**<br>https://www.youtube.com/watch?v=qRQA9HeXcp<br><br>Арија на Тореадор од операта **„Кармен“** - Ж.Бизе, исполнува Laurent Naouri **(баритон)** | **Активности**<br><br>Разговор со учениците за карактеристиките на човечките гласови.<br><br>Поделба на гласовите според: висина, боја.<br><br>Објаснување поими. | **Ученикот/ученичката:**<br><br>8.1.препознава машки гласови во слушаните дела<br><br>8.2. дефинира машки гласови со стручни изрази<br><br>8.3.споредува машки гласови според карактеристиките (боја и висина) |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | https://www.youtube.com/watch?v=e5qmSEvDEGs<br><br>**Монолог од операта ,,Цар Самуил“ -** К. Македонски, исполнува<br>Ѓорѓи Божиков **(бас)**<br>https://www.youtube.com/watch?v=GLL6rhZslmM<br><br>„**È la solita storia del pastore“ од операта „Арлезианка“ –** Ф. Чилеа, исполнува Saimir Pirgu **(тенор)**<br>https://www.youtube.com/watch?v=cyVRJrdBRBw<br><br>**Поими:**<br>-тенор<br>-баритон<br>-бас | Слушање на дела со женски гласови и нивно воочување. | 8.4. класифицира машки гласови според нивните карактеристики по слух |
| **9.** | **Ученикот/ученичката:**<br><br>- именува видови хорови;<br><br>- препознава машки, женски хор по слух;<br><br>- разликува машки, женски хор според видовите на гласови;<br><br>- класифицира видови хорови | **Поделба на хорови**<br>**Женски хор, машки хор**<br>**„Селска суита“ –** Стојан Стојков **(женски хор)**<br><br>**„Хор на ловџиите“** од операта „Волшебниот стрелец“ - К. М. фон Вебер<br>**(машки хор со оркестар,** изведба по избор**)** | **Активности**<br><br>Разговор за училиштен хор.<br><br>Поделба на хоровите и состав на хоровите.<br><br>Разговор по слушани композиции (женски и машки хор).<br><br>Воочување на гласовите во | **Ученикот/ученичката:**<br><br>9.1. набројува видови хорови (женски, машки)<br><br>9.2. објаснува за составот на хоровите - според гласовите<br><br>9.3. споредува видови хорови според составот (по слух) |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | според карактерот и изведбата. | **Поими:**<br>-женски хор<br>-машки хор<br>-а капела | слушаните дела и разликување видови хорови според карактерот и изведбата. | 9.4. разликува видови хорови според карактерот и изведбата. |
| **10.** | **Ученикот/ученичката:**<br><br>- именува гласови во мешаниот хор;<br><br>- препознава мешан хор по слух;<br><br>- воочува видови гласови во мешаниот хор. | **Мешан хор**<br><br>-**„Македонско оро“** – Т. Скаловски https://youtu.be/gNt9ujfgKMI<br><br>-**„Адиемус“** – К. Јенкис (изведба по избор)<br><br>**Поим:**<br>-мешан хор | **Активности**<br><br>Разговор за мешан хор.<br>Состав на мешан хор по гласови.<br>Разговор по слушани композиции (мешан хор).<br>Воочување на гласовите во слушаните дела.<br><br>**Методи:**<br>- монолошки;<br>- дијалошки или метод на разговор (после слушаната музика следи дијалог и дискусија);<br>- демонстративен;<br>- практична работа. | **Ученикот/ученичката:**<br>10.1. набројува гласови во мешаниот хор<br><br>10.2. објаснува за составот на мешаниот хор<br><br>10.3. разликува машки и женски гласови во мешан хор<br><br>10.4. споредува мешан хор со другите хорови |

| ТЕМА 3. МУЗИЧКА ПИСМЕНОСТ (10 часа) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Ред. број** | **Резултати од учењето** | **Содржини и поими** | **Активности и методи** | **Стандарди за оценување** |
| **1.** | **Ученикот/ученичката:**<br><br>- препознава скала a-moll хармонски вид и мелодиски вид со нејзините елементи;<br><br>- објаснува скала a-moll хармонски вид и мелодиски вид со нејзините елементи;<br><br>- гради скала a-moll хармонски вид и мелодиски вид со нејзините елементи;<br><br>- разликува a-moll природен, хармонски и мелодиски вид. | **Скала a-moll хармонски вид и мелодиски вид со нејзините елементи (имињата на тоновите – солмизација и абецеда, стапало, степен – цел и полустепен, тетракорд, се запишува од а мало до а1)** | **Активности**<br><br>Повторување на скалата a-moll и дефинирање на поимот „природен вид“.<br>Слушање, пишување, пеење, свирење и препознавање на скалата a-moll хармонски вид со нејзините елементи (имињата на тоновите - солмизација и абецеда, стапало, степен - цел, полустепен и степен и пол, тетракорд, се запишува од а мало до а1).<br><br>Воочување на повишено 7 стапало по слух.<br><br>Користење на клавијатура (инструмент или слика), визуелно препознавање на црната клавиша, објаснување на повишувалка.<br><br>Иста постапка за a-moll мелодиски вид (потсетување – надолу се пее/свири природен вид и се користи разрешувалка).<br><br>Споредување (визуелно и по слух) на скалата a-moll природен, хармонски и | **Ученикот/ученичката:**<br><br>1.1. именува елементи на скалата a-moll хармонски и мелодиски вид<br><br>1.2. запишува скала a-moll хармонски и мелодиски вид со нејзините елементи<br><br>1.3.демонстрира со пеење/свирење скала a-moll хармонски и мелодиски вид<br><br>1.4. споредува a-moll природен, хармонски и мелодиски вид визуелно/по слух |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | **Поими:**<br>- скала a-moll природен вид<br>- скала a-moll хармонски вид<br>- скала a-moll мелодиски вид | мелодиски вид преку:<br>-запишување/пеење/свирење и споредување на видовите на скалата;<br>- слушање, пеење, свирење на вежба/песна во сите видови на мол, споредување и дискусија (пример - „Драги бато“ во сите видови на мол).<br><br>**Напомена:** наставникот е слободен да предвиди број на часови за изучување двата вида a-moll според потребите и можностите на учениците, додека стандардите за оценување се однесуваат за двата вида интегрирано. | |
| **2.** | **Ученикот/ученичката:**<br><br>- препознава повишувалка (диез) и разрешувалка (бекар);<br><br>- разбира улога на повишувалка (диез) и разрешувалка (бекар);<br><br>- запишува повишувалка (диез) и разрешувалка (бекар);<br><br>- дискутира за улогата на повишувалка (диез) и разрешувалка (бекар) во a-moll хармонски и мелодиски вид. | **Повишувалка (диез) и разрешувалка (бекар)**<br><br>**Поими:**<br>- повишувалка (диез)<br>- разрешувалка (бекар) | **Активности**<br><br>Пишување и препознавање на повишувалка (диез) и разрешувалка (бекар) – да се објаснат конкретните тонови (сол повишено - gis и фа повишено - fis, односно сол/g разрешено и фа/f разрешено).<br><br>Препознавање и употреба на повишувалка и разрешувалка во мелодиски вежби и песни во a-moll хармонски и мелодиски вид со нотни вредности и паузи вклучително четвртина со точка во рамноделните тактови и нерамноделниот 5/8 такт. | **Ученикот/ученичката:**<br><br>2.1. идентификува повишувалка (диез) и разрешувалка (бекар) визуелно<br><br>2.2. објаснува повишувалка (диез) и разрешувалка (бекар)<br><br>2.3. правилно пишува повишувалка и разрешувалка на петтолиние (на линија и во празнина)<br><br>2.4.разликува повишувалка (диез) и разрешувалка (бекар) при градење на видови на скалата a-moll |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **3.** | **Ученикот/ученичката:**<br><br>- препознава тонови **d2 и e2;**<br><br>-објаснува за местото на тоновите **d2 и e2;**<br><br>- воочува тонови на тоновите **d2 и e2** во мелодиски вежби;<br><br>-користи тонови **d2 и e2** во мелодиски вежби. | **Тонови d2 и e2**<br><br>**Поими:**<br>- d2<br>- e2 | **Активности**<br><br>Пишување и препознавање на тоновите **d2 и e2** во мелодиски вежби и песни со нотни вредности и паузи вклучително четвртина со точка и знаците на продолжување на нотната вредност во рамноделните тактови и нерамноделниот 5/8 такт. | **Ученикот/ученичката:**<br><br>3.1. именува тонови **d2 и e2** на петтолиние<br><br>3.2. пишува тонови **d2** и **e2** на петтолиние<br><br>3.3. демонстрира **d2 и e2** во мелодиски вежби<br><br>3.4.пее/изговара парлато мелодиски вежби со **d2** и **e2** со нотни вредности и паузи вклучително четвртина со точка |
| **4.** | **Ученикот/ученичката:**<br><br>- препознава интервали квинта, секста и септима визуелно;<br><br>-објаснува за интервали квинта, секста и септима;<br><br>-гради интервали квинта, секста и септима усно и писмено;<br><br>-пронаоѓа интервали квинта, секста и септима во музички примери. | **Интервали: квинта, секста и септима**<br>**(само по големина)**<br><br>**Поими:**<br>- квинта<br>- секста<br>- септима | **Активности**<br><br>Објаснување на интервалите квинта, секста и септима.<br>Градење на интервалите квинта, секста и септима од различни тонови нагоре и надолу.<br>Воочување на интервалите квинта, секста и септима во нотниот текст.<br>**Напомена:** наставникот е слободен да предвиди број на часови за изучување на интервалите според потребите и можностите на учениците, додека стандардите за оценување се однесуваат за сите интервали интегрирано. | **Ученикот/ученичката:**<br><br>4.1.именува интервали квинта, секста и септима<br><br>4.2.пишува интервали квинта, секста и септима од зададен тон<br><br>4.3. разликува интервали квинта, секста и септима од зададен тон<br><br>4.4.класифицира интервали квинта, секста и септима во мелодиски вежби |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **5.** | **Ученикот/ученичката:**<br><br>-препознава визуелно четвртина нота со точка;<br><br>- објаснува за точката како знак за продолжување на нотната вредност за половина од нејзиното траење;<br><br>-употребува ритам четвртина нота со точка+осмина (со нотни знаци) со тактирање во ритмички вежби. | **Четвртина нота со точка**<br><br>**Поим:**<br>- четвртина со точка | **Активности**<br><br>Објаснување за четвртина нота со точка:<br>-повзување на четвртина и осмина нота со лак или<br>-поврзување на три осмини ноти со лак.<br>„Музичка математика“ (собирање-одземање на нотните вредности, нивното претставување преку дропки и сл.).<br>Изговарање ритмички вежби со ритамот четвртина нота со точка+осмина со тактирање во 2/4, 3/4, 4/4 такт.<br>Пеење и свирење мелодиски вежби со ритамот четвртина нота со точка+осмина по слух и по ноти во 2/4, 3/4 и 4/4 такт | **Ученикот/ученичката:**<br><br>5.1. идентификува четвртина нота со точка<br><br>5.2.запишува четвртина нота со точка<br><br>5.3.воочува ритам четвртина нота со точка+осмина (со нотни знаци) во ритмички и мелодиски вежби<br><br>5.4.изведува ритам четвртина нота со точка+осмина (со нотни знаци) со тактирање во ритмички вежби |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **6.** | **Ученикот/ученичката:**<br><br>- препознава визуелно нерамноделен 5/8 такт;<br><br>- одредува тактови делови (удари) со тактирање;<br><br>- воочува различно траење на тактовите делови (удари);<br><br>- употребува 5/8 такт во ритмички вежби по ноти. | **Нерамноделен 5/8 такт**<br><br>**Поими:**<br>- нерамноделен такт<br>- 5/8 такт | **Активности**<br><br>Препознавање на 5/8 такт по слух преку пеење и слушање мелодиски вежби и песни (ора и сл.).<br><br>Воочување на тактовите делови во две комбинации: 2+3 или 3+2.<br><br>Објаснување на различното траење на тактовите делови.<br><br>Воочување на 5-те еднакви пулсации (преку броење, изговарање на текстот, движења - тропкања, плескања и сл.).<br><br>Запишување и појаснување на 5/8 такт.<br><br>Изведба на лесни ритмички и мелодиски вежби и песни во 5/8 такт по ноти.<br><br>**Методи:**<br>- монолошки;<br>- дијалошки или метод на разговор;<br>- демонстративен;<br>- практична работа. | **Ученикот/ученичката:**<br><br>6.1. идентификува 5/8 такт во нотни примери<br><br>6.2. објаснува за поделбата на 5/8 такт<br><br>6.3. изведува ритмички вежби во 5/8 такт по ноти<br><br>6.4. разликува 5/8 такт во две комбинации: 2+3 или 3+2 визуелно и по слух |

| ТЕМА 4. НАРОДНО МУЗИЧКО ТВОРЕШТВО - Народни инструменти (6 часа) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Ред. број** | **Резултати од учењето** | **Содржини и поими** | **Активности и методи** | **Стандарди на оценување** |
| **1.** | **Ученикот/ученичката:**<br><br>- препознава народни музички инструменти визуелно и по слух;<br><br>-опишува народни инструменти според нивните карактеристики;<br><br>-објаснува за групите на народните музички инструменти. | **Народни музички инструменти – општи карактеристики**<br><br>**Поделбата на народните инструменти на македонскиот народ и народите кои живеат во нашата земја (заеднички и специфични за одредени народи кои живеат во нашата држава):**<br>-детски традиционални инструменти од минатото (чкртало, клепало, писки од жито, писки од врба, ќемане од пченка, тороле, ѕвонци и др.)<br>- жичени инструменти<br>- дувачки инструменти<br>- ударни инструменти<br><br>**Поими:**<br>- детски инструменти од минатото<br>-народни инструменти<br>-жичени инструменти<br>- дувачки инструменти<br>- ударни инструменти | **Активности**<br><br>Објаснување на општите карактеристики на народните инструменти.<br><br>Запознавање со начинот на добивање тон.<br><br>Слушање звучни примери.<br><br>Дискусија за бојата на звукот на инструментите.<br><br>Одредување на групите инструменти (според начинот на добивање на тонот) – со графички организатори.<br><br>Давање насоки и извори за самостојно барање податоци за народните инструменти (вклучително ЦД – Дигитални содржини). | **Ученикот/ученичката:**<br><br>1.1.набројува народни инструменти<br><br>1.2. дефинира групи на народните инструменти според начинот на добивање на тонот<br><br>1.3.класифицира народни инструменти од различни групи<br><br>1.4.разликува по слух народни инструменти од различни групи |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
